**Известување за концентрација со која МВМ Енергетика ДОО, Будимпешта, Унгарија ќе стекне контрола над компанијата „Енерготехника - Јужна Бачка д.о.о Нови Сад“, Република Србија и и врз компанијата „Електромонтажа д.о.о Краљево“,Република Србија,**

**(предмет бр. 08-120/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 04.08.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која МВМ Енергетика ДОО, со седиште на Х-1031 ул. Сентендреи бр. 207-209, Будимпешта, Унгарија,, ќе стекне единствената контрола врз компанијата „Енерготехника - Јужна Бачка д.о.о Нови Сад“,на адреса Пут Новосадског Партизанског Одреда 1, 21000 Нови Сад, Република Србија и врз компанијата „Електромонтажа д.о.о Краљево“,на адреса Аеродромска 7, 36000 Краљево, Република Србија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**МВМ Енергетика ДОО** е приватно друштво со ограничена одговорност, чиј единствен вистински сопственик е државата Унгарија. МВМ Енергетика ДОО е член и, во исто време, контролен субјект на групацијата МВМ Енергетика ДОО (МВМ Енергетика ДОО и нејзините подружници и други поврзани субјекти во понатамошниот текст заеднички ќе се нарекуваат („МВМ Групација“).

МВМ Групација е вертикално интегрирана, целосно државна енергетска групација, чие работење го опфаќа целиот унгарски енергетски сектор. Со своите електрани, мрежа за пренос на електрична енергија, мрежа за природен гас и дистрибуција на електрична енергија, како и трговија со природен гас (од големопродажба до универзални услуги) и трговија со електрична енергија (од големопродажба до директна продажба на потрошувачите), како конкурентен стратешки холдинг, МВМ е учесник на унгарскиот пазар на електрична енергија и природен гас.

Групацијата МВМ е присутна во Северна Македонија преку својата подружница, МВМ ПАРТНЕР ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса 8-ма ударна бригада 43/3, 1000, Скопје, Северна Македонија, со ЕМБС: 6947832 („МВМ Скопје“). МВМ Скопје првенствено се занимава со трговија со електрична енергија на официјалниот пазар на електрична енергија.

**Енерготехника - Јужна Бачка д.о.о**, и **Електромонтажа д.о.о Краљево**, обезбедуваат услуги за изградба и одржување на енергетски објекти на сите напонски нивоа, како и

услуги за производство на енергија и опрема за домашни и меѓународни клиенти. И Енерготехника - Јужна Бачка д.о.о Нови Сад, и Електромонтажа д.о.о Краљево генерираат најголем дел од своите приходи на српскиот пазар.
Енерготехника - Јужна Бачка д.о.о Нови Сад, и Електромонтажа д.о.о Краљево, се присутни во Северна Македонија преку подружницата на ЕЈБ – ЕНЕРГОТЕХНИКА -ЈУЖНА БАЧКА– Подружница Скопје, со седиште на ул. Пиринска бр. 25/1-2, 1000, Скопје, Северна Македонија, со регистарски број/ЕМБС: 7106998 („ЕЈБ Скопје"). ЕЈБ Скопје првенствено се занимава со изградба на електрични водови и телекомуникациски линии.

Според подносителот на известувањето за целите на оценка на предметната концентрација, релевантниот пазар на производи за *изградба и одржување на телекомуникациска и електрична инфраструктура на територијата на Република Северна Македонија*.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување*.

05.08.2025 година

Скопје